АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
ОСИГУРУВАЊЕ ЕУРОЛИНК Скопје
**- Управен одбор -**
Број: 0202-12357/9
28.12.2020 година

Врз основа на член 31 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје, Управниот одбор на Друштвото на својата 100-та редовна седница одржана на ден 28.12.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнувања на Табелата на дневен надомест**

(1) Се вршат измени и дополнувања на Табелата на дневен надомест, и тоа:

**1. Во Воведни напомени, ставот (1), се менува и гласи:**
„(1) Во смисла на:
- членот 26 од Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода),
- членот 26 од Посебните услови за осигурување раководители (менаџери) од последици на несреќен случај (незгода) со примена на валутна клаузула, и
- членот 24 од Посебните услови за осигурување на ученици и студенти од последици на несреќен случај (незгода), оваа Табела на дневен надомест е составен дел на секој од наведените услови и на секој поодделен договор за осигурување на лица од последици на несреќен случај кој договарачот на осигурувањето ќе го склучи со Акционерското друштво за осигурување Еуролинк – Скопје, според некој од овие услови за осигурување.“ ;

**2. Во Воведни напомени, во ставот (2),** се бришат зборовите „ ...од член 14 став (8) на Општите услови...“.

(2) Се задолжува Секторот за правни работи и усогласување со закони да изготви пречистен текст на Табелата на дневен надомест.

(3) Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и се применува од 01.01.2021 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**
Претседател
м-р Марија Томеска